МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

МОДЕЛИРАЊЕ

ЗА I ГОДИНА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2005 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *МОДЕЛИРАЊЕ*

1.2. Образовен профил, насока и струка, на кои припаѓа наставниот предмет
1.2.1. Образовен профил: *за сите образовни профили*
1.2.2. Насока: *применета ликовна уметност*
1.2.3. Образование: *уметничко*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: *предмет заеднички за насоката*

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет: *I година*

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 4 *часа*
1.5.2. Број на часови годишно: *144 часа*

1.6. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставниот предмет се:

- ученкот да стекне развиени визуелни способности за откривање во природата на видовите форми - волумени, големини, линии и други ликовни вредности, да ги забележува нивните особености и заемните односи;
- да забележува разлики меѓу природните и создадените од човекот (затворени, отворени перфорирани, геометриски, технички и уметнички) форми-волумени;
- да ги осознае разликите меѓу дводимензионалната (плошната) и тридимензионалната форма и значењето на нивната примена во моделирањето-скулптурата и ликовните уметности;
- да има формирао сознание за взаемниот однос на формата и просторот;
- да стекне интерес за истражување и експериментирање во ликовно-творечкиот процес и користењето на ликовните материјали и техники;
- да ги развива индивидуалните способноси и можностите за ликовно изразување преку работа по набљудување, помнење, фантазија и други стимулации;
- да ги совлада техничко-технолошките особини на глината како основен ликовен материјал за моделирање и да се запознае со други скулпторски материјали и техники;
- да ги користи искуствата од моделирањето - тридимензионалното изразување во нивното натамошно професионално оформување и во секојдневниот живот;
- да формира позитивни работни навики, умеења за организација на работата, чување и правилна употреба на различните алати и помагала и негување на хигиената.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Во успешното остварување на програмските задачи за **моделирање**, потребно е кај ученикот да е создаден интерес и љубов кон ликовните уметности и културните придобивки. Да поседува предзнаења стекнати во основното образование и развиени способности соодветни на возраста од наставните предмети: ликовно образование, музичко образование, техничко образование, мајчин јазик и литература, како и разбирање на корелативните односи со наставните предмети применето вајарство, цртање, сликарство, графика, историја на уметноста, дизајнот, теорија на форма и боја и др.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење и творење за I година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД	**2 часа**	Ученикот: - да ја познава наставната програма за работа; - да има основно сознание за карактеристиките на моделирањето - скулптурата како ликовно подрачје; - да ја познава улогата на формата - волуменот во моде-лирањето - скулптурата во слободното ликовно твореш-тво и применетата уметност - дизајнот; - да ја познава глината како основен ликовен материјал во моделирањето нејзините својства: пластичност, боја, подготовка и чување; - да умее да ја организира работата.	Наставникот: - подготвува примери и визуелен материјал; - објаснува; - анализира репродук-ции на ликовни дела; - демонстрира.	- Историја на уметноста - Дизајн продукт со технологија - Терија на форма и боја
2. ФОРМА **- Волумен**	**8 часа** (ориента - ционо)	- Да разликува дводимензионална (плошна) од тридимензионална и компактна од аналитична форма; - да забележува волумен, форма, контура, крива - права плоштина и текстура на форма; - да разработува ликовна замисла преку скица - цртеж и пластично - тридимензионално во глина; - да моделира 3-4 геометриски форми и да ги постави во ликовна целина; - да ја владее постапката на работа со глина (додавање и одземање).	- Анализира, споредува ликовни дела со ист ликовен проблем; - варира форми во различни композици-они односи; - објаснува.	- Архитектура, - Применета умет-ност - дизајн - Репродукции - Терија на форма и боја

3. КОМПОЗИ-ЦИЈА **- Компонирање и рекомпонирање**	**12** часа (ориента - ционо)	- Да разработува идејни решенија преку цртежи-скици и тридимензионално; - да изработи компактни форми според органско и неор-ганско потекло, да ги спореди со геометриски форми и да создаде композиција по принципот собрано; - да рекомпонира изработена композиција во ново просторно решение по принципот раштркано; - да ја реализира идејата во материјал - глина.	- Ги објаснува поимите компонирање и рекомпонирање; - набљудува, коригира; - моделира, - споредува; - покажува репродукции со ист ликовен проблем.	- Биологија - зоологија - Геометрија - Архитектура - Применета уметност
4. ФОРМА **- Релјеф од плошнн форми**	**12** часа (ориента ционо)	- Да разликува права плошна форма од крива - валчеста; - да изработи скица - цртеж на композиција на геометриски или од флората форми како подготовка за релјеф; - да изработи релјеф со плошни форми на различно ниво (висина); - да ја реализира идејата (скицата-цртежот) во глина или гипс.	- Набљудува; - анализира; - објаснува; - демонстрира; - дава инструкции.	- Природни форми од органско и неорганско потекло - Теорија на форма и боја
5. ФОРМА **- Конкавна и конвексна форма**	**12** часа (ориента -ционо)	- Да разликува конкавна и конвексна форма; - да изработи подготовка - скица во цртеж на композиција на конкавни и конвексни форми; - да моделира конкавни и конвексни форми со различна големина во глина и да ги компонира во естетска целина.	- Ги објаснува поимите испапчено - вдлабнато, затворена - отворена форма; - црта, споредува; - објаснува, коригира; - поставува прашања.	-Историја на уметноста; - Архитектура, - Применета уметност - Теорија на форма и боја
6. ГОЛЕМИНА **- Различни големини**	**20** часа (ориента - ционо)	- Да воочува разлики на форми: целина - детали, однос на големини, насока на формата, испапчение, вдлабнатина и др. - да го разгледува и скицира моделот од разни агли; - да моделира во глина делови од човечка глава и тело	- Дава инструкции; - објаснува, споредува; - коригира; - покажува примери на репродукции и ориги-	- Историја на уметноста - Биологија-форми од органско потекло

		според гипсен модел на: око, уста и нос, уво, рака, нога.	нали.	
7. КОНТРАСТ **- Конраст на форми**	**12** часа (ориента -ционо)	- Да ги познава разликите на видовите релјефи: негативен, плиток, среден и висок; - да трансформира (од полна пластика) и да моделира релјеф според тридимензионален гипсен модел.	- Го објаснува карактерот, развојот и потребата од релјефот како скулпторска дисциплина.	- Историја - Географија - Теорија на форма и боја
8. ПРОПОРЦИ-ЈА **- Однос на големини**	**20** часа (ориента -ционо)	- Да го воочи карактерот и глобалниот однос на ширината и висината на ликот - портретот; - да ги забележува разликите и односот на големините на деловите - деталите (формите) на ликот - портретот; - да моделира во глина портрет според гипсен модел.	- Разговара за портретот како мотив во скулптурата и ликовното творештво; - објаснува, коригира и демонстрира.	- Теорија на форма и боја - Портретот низ историјата - Римски портрет
9. ТЕКСТУРА **- Однос на текстурирана и чиста форма**	**20** часа (ориента -ционо)	- Да забележува односи на текстурирана и чиста форма (однос коса - лице и др.); - да го воочи карактерот на ликот и да перцепира и визира висина и ширина на глава и однос на деловте на главата; - да умее конструктивно - геометриски да ја постави формата - главата: - да моделира портрет по жив модел.	- Скицира пропорции на глава и објаснува; - демонстрира - кориги-ра; - споредува; - поставува прашања.	- Геометрија - Цртање - Римски скулптури (портрети) - Ренесансни портрети - Теорија на форма и боја
10. НАСОКА **- Видови насока**	**20** часа (ориента -ционо)	- Да изработи скица - цртеж на фигура (човек, животно) во движење во една насока (вертикална, хоризонтална коса); - да забележува односи на делови на фигура; - да коструира и моделира во глина фигура (човечка или животинска) во одредена положба – насока.	- Подготвува визуелен материјал - репродукции на фигури; - објаснува; - коригира.	- Египетска уметност - скулптури - Грчка класична скулптура - Теорија на форма и боја
8. ЛЕЕЊЕ **- Процес на леење**	**10** часа (ориента - ционо)	- Да го познава гипсот како материјал за леење на скулптура (негатив, позитив, штикл-форма); - да ги познава алатите и процесот на леење на едноставна форма; - да умее да излее форма (глава) во гипс.	- Објаснува; - дискутира - демонстрира.	- Техничка култура

4.2. Наставни методи и активности на учење

Во процесот на реализацијата на целините на наставната програма за **моделирање** ќе се користат различни методи и форми на работа. Во објаснувањето на ликовниот проблем и давањето општи инструкции обично ќе се користи фронталната форма (во теоретскиот тип на часовите, и во дел на практично-творечкиот тип на часовите). Индивидуалната форма ќе се користи во самостојната работа на ученикот и вршењето на коректурите. Користењето на живиот збор и други различни методи ќе се спроведува во теоретската и практично-творечката работа, ќе се разгледуваат репродукции, оригинални ликовни дела (во музеи, галерии и др.), ќе се користи демонстрација - скицирање и цртање на ликовната идеја, изработка на скици во материјал, следење на видеоснимки, поставување задачи за решавање на нов ликовен проблем и др.

Ученикот ќе ги совладува наставните содржини преку набљудување, интенционалното внимание, независно учење, скицирање и цртање на идејното решение, изработката на скици во материјал и моделирањето во глина и др.

Активностите на **наставникот** се: да се грижи за успешната организација на работата, солидната изработка на годишното глобално и тематско планирање, за подготвување на дидактичкин средства, да разговара, објаснува, демонстрира, да врши коректури, оценува и др.

4.3. Организација и реализација на наставата помоделирање

Наставата ќе се реализира главно во работилници - ателјеа за вајарство, а дел и во работилницата за леење во гипс. Овој дел од тесно - стручната настава ќе се реализира во две полугодија преку неделен фонд на часови и во вонучилишните индивидуални активности на учениците во вид на ликовни активности цртање изработка на скици, проекти, посета на муеј и галерии и др.

4.4. Наставни средства и помагала

За обезбедување правилен развој на способностите и знаењата на учениците и во остварувањето на целите на наставниот предмет **моделирање**, во теоретската и творечко - практичната работа, ќе се користат различни наставни средства од кои визуелните ќе имаат преоритет: репродукции, гипсени модели на одливи на антички скулптури (портрети, фигури и релјефи), непосредно набљудување и анализа на ликовни дела во музеи, галерии и јавни споменици-скулптури. За таа намена ќе се користат разни учебници (*Елементи и принципи* од Борко Лазески), стручна литература, списанија, уметничка енциклопедија и помагала како троножец за моделирање, видови конструкции (за портрет, фигура, слободна форма и сл.), моделирка за глина и друго.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Процесот на едукацијата бара континуирано следење на развојот на ликовните способности на учениците, нивните знаења и умеења во теоретската и творечката работа и во совладувањето на ликовните материјали и техники. Процесот на оценување ќе се одвива низ повеќе фази на работата во текот на наставата. Се проценува способноста на ученикот за откривање на ликовниот проблем и разработката на ликовната идеја (преку скицирање - цртање). При изработката на студија се проценува поставувањето (конструирањето) на фигурата - скулптурата и моделирање со цел според точното забележување да се интерпретираат пропорциите, формите, деталите и др. Се проценува флексибилното размислување на ученикот, оригиналноста на идеите и др, Овој процес се спроведува во текот на целата учебна година (тримесечјата, првото и второто полугодие), со цел завршниот резултат да го одразува степенот на напредокот што го остварил ученикот низ наставниот процес. Ако ученикот не постигне задоволителен прогрес во ликовното обликување, тој се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставната работа како сложен едукативно - работен процес бара наставникот да поседува **персонални, стручни, педагошки и општохуманистички карактеристики:** да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни, визуелни и др.) мани кои го попречуваат вршењето на дејноста и да комуникацира со учениците и други лица, да има хуманистички ставови во градењето на животот. Наставникот треба да поседува креативни, организациони и други способности кои кои ќе овозможуваат квалитет во реализацијата на задачите и унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултет за ликовни уметности - вајарски оддел.
2. Факултет за ликовни уметности - педагошки оддел со вајарство.
3. Факултет за применети уметности - оддел применето вајарство.

Наставниците треба да имаат стекнато педагошко - психолошка и методска оспособеност на Факултетот за ликовни уметности. Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец.

6.3. Стандард за простор

Реализацијата на целите на наставниот предмет ќе се одвива во вајарска работилница - ателје опремено со потребната опрема според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: април 2000 година.
7.1.1. Преземено: јуни 2005 година

7.2. Состав на работната група:
Петре Наневски, академски скулптор - самостоен педагошки советник по ликовно образование во БРО.
Ангел Нацевски, академски скулптор - професор во ДСУПУ “Лазар Личеноски” - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.9. 2005 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **моделирање** ја одобри министерот за образование со Решение бр. 11 - 2555/2 од 11.7.2000 година.